ОПШТИНА РОСОМАН
Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РОСОМАН
03-892/2
13.11 2026 год.
РОСОМАН

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) и Општина Росоман, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2026 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за мерка 6. Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Општина Росоман на ден 13.11.2026 година, објавува

ЈАВЕН ПОВИК

до евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата „Општинско - корисна работа“

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица, активни баратели на работа со стекнат сертификат, кои се заинтересирани да се вклучат во програмата „Општинско - корисна работа“, во рамките на проектот **„Асистенција при самостојно живеење“,** за работно ангажирање во времетраење од 9 (девет) месеци, заради стекнување на работни вештини и постепено вклучување на пазарот на трудот, да се пријават во Агенција за вработување - Центар за вработување Кавадарци.

Вкупниот период на вклученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 (девет) месеци, со работно време од 40 (четириесет) работни часови неделно.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во програмата „Општинско – корисна работа“ го задржуваат статусот на невработени лица, согласно условите на програмата, а на невработените лица - корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во програмата „Општинско - корисна работа“ имаат сите евидентирани невработени лица, кои имаат статус на активни баратели на работа и стекнат сертификат за давател на услугата. Предност ќе имаат лицата кои што за прв пат се јавуваат за учество во програмата.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во програмата „Општинско - корисна работа“ се предвидува месечен паричен надоместок во висина од 24.000,00 денари бруто износ, во кој се вклучени данокот на личен доход и осигурувањето за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во програмата „Општинско - корисна работа“ треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- невработени лица
- лица кои се долгорочно невработени, над 12 месеци во евиденција на Агенцијата за вработување
- млади лица до 29 години
- лица постари од 50 години корисници на социјална помош
- бездомни лица
- жртви на семејно насилство
- самохрани родители

ОПШТИНА РОСОМАН
Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

- невработени Роми
- родители со три или повеќе деца
- корисници на гарантирана минимална помош
- родители на деца со пречки во развојот

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на:

✓ Асистент/ка (помош при самостојно живеење) – 3 (три) позиции, одговорни и комуникативни лица со завршено основно или средно образование со стекнат сертификат.

Заинтересираните невработени лица за учество во програмата „Општинско - корисна работа“ поднесуваат Пријава за учество до Агенцијата за вработување на РСМ – Центар за вработување Кавадарци во периодот од 13.11.2026 година до 20.11.2026 година, секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Росоман и избраните кандидати.

Детални информации за програмата „Општинско - корисна работа“ можат да се добијат во Општина Росоман кај лицето Цветанка Дукова – општински проектен координатор, Агенција за вработување – Центар за вработување Кавадарци кај лицето Валентина Камчева и Центарот за социјална работа – Кавадарци кај лицето Митко Михов.

Во Росоман на ден
13.11.2026 година

ОПШТИНА РОСОМАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Ѓорѓи Крстевски с.р.